Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО

1 ЈАНУАРИ – 31 ДЕКЕМВРИ 2012 ГОДИНА

**НАКРАТКО**

2012 година е осма и досега најдинамична година во работењето на Центарот за граѓански комуникации. Само неколку сумарни бројки доволно зборуваат за тоа:

- спроведени се 13 истражувања;
- мониторирани се 400 јавни тендери;
- обучени се 300 граѓански активисти, новинари и државни службеници;
- анкетирани се повеќе од 2.000 граѓани, 800 фирми и 150 претставници на невладини организации;
- препорачани се повеќе од 150 мерки за потранспарентно работење и за намалување на просторот за корупција;
- остварена е директна соработка со повеќе од 30 општини од целата земја;
- отворени се 2 регионални центри за поддршка на микропретпријатијата од 21 општина;
- издадени се 14 публикации (извештаи, прирачници, анализи и книги) во повеќе од 5000 примероци;
- објавени се 150 новинарски текстови за нашите активности и за резултатите од нивното спроведување...

Активностите на ЦГК во 2012 година се спроведуваа во рамките на пет проекти, финансиски и технички поддржани од шест донатори, од кои четири се странски донатори (УСАИД Македонија, Европската Унија, Швајцарската агенција за развој и соработка и Националниот демократски институт) и две се домашни организации (Фондацијата „Отворено општество – Македонија" и Центарот за институционален развој ЦИРа).

Во 2012 година продолжи редовниот мониторинг на јавните набавки во земјава, со укажување на слабостите и проблемите во системот на јавни набавки и со предлагање мерки за намалување на можностите за злоупотреби и на просторот за корупција. Она што е значајно е што методологијата според која ЦГК веќе пет години го спроведува мониторингот на јавните набавки е преземена и ќе претставува основа за спроведување слични активности, но на регионално ниво, односно во рамките на проектот за мониторинг на јавните набавки во земјите од Западен Балкан, кандидатки за членство во ЕУ.
Освен тоа, активностите на делувањето на ЦГК на полето на јавните набавки се проширени и во насока кон олеснување на пристапот на микропретпријатијата до јавните набавки, како предуслов за заживување на локалниот економски развој во земјата, но и во насока на препораките на Европската Унија за преземање вакви мерки во земјите членки, но и кандидатки за членство во ЕУ.
Во другата главна област на делување на ЦГК – на полето на медиумите, 2012 година е значајна поради тоа што се навлезе во една нова сфера – помош на новинарите во остварувањето на нивното право за пристап до информациите од јавен карактер како алатка за поквалитетно информирање на граѓаните. Поради воочената голема потреба од ваква помош на новинарите и нивниот огромен интерес за оваа проблематика, ЦГК ќе продолжи да делува на ова поле и во идните години.

2013 година ја започнуваме со истото темпо. Во декември 2012 година се донесе новата петгодишна стратегија за работењето на ЦГК, во која се дефинирани следниве стратегиски приоритети за периодот од 2013 до 2017 година:

- Антикорупција и добро владеење;
- Економски развој;
- Медиуми и
- Градење внатрешен капацитет и долгорочна финансиска одржливост.

**ВИЗИЈА НА ЦГК**

Центарот за граѓански комуникации е докажан општествен чинител во демократизацијата на македонското општество, транспарентното и одговорно владеење и подоброто информирање на граѓаните.

**МИСИЈА НА ЦГК**

Центарот за граѓански комуникации ја развива и ја подобрува комуникацијата помеѓу сите општествени фактори во Македонија за процесите од пошироко значење. Ги мониторира, ги анализира и ги јакне општествените процеси во земјата и во регионот во делот на антикорупцијата и доброто владеење, медиумите и економскиот развој.

**ЗА НАС**

Центарот за граѓански комуникации е формиран во април 2005 година како невладино, непрофитно и непартиско здружение на граѓани. Во своето речиси осумгодишно дејствување, ЦГК ја фокусира својата работа врз две групи од меѓусебно поврзани активности: (1) мониторинг на државните институции и врз основа на тоа, препорачување мерки и политики за унапредување на работењето и за намалување на просторот за корупција и (2) унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите и на невладините организации во борбата против корупцијата.

Во оваа насока, ЦГК досега има изработено и предложено неколку стотини конкретни препораки за преземање мерки за унапредување на регулативата и практиката во насока на потранспарентно, поотчетно и поодговорно работење на централната и на локалните власти, има обучено повеќе од 250 новинари од националните и од локалните медиуми за истражување и известување за корупција и има објавено дваесетина истражувања и прирачници. Претставници на ЦГК редовно учествуваат на работилници и во експертски групи за креирање стратегии и мерки за борба против корупцијата и за други прашања од областите на делување на ЦГК.

Активностите на ЦГК се, пред сè, насочени кон вработените во државните институции и органи на централно и на локално ниво, кон новинарите, бизнисмените и нивните здруженија, кон претставниците на невладините организации, како и кон граѓаните на локално и на централно ниво, како крајни корисници на делувањето на организацијата.

Персоналот на ЦГК брои седуммина вработени и неколку постојани соработници – експерти од сферите на делување на ЦГК, а редовно соработува и со други експерти (домашни, регионални и меѓународни). ЦГК има отворено и два регионални центри во Велес и во Штип за поддршка на микропретпријатијата од источниот и од вардарскиот регион. Органите на управувањето и раководењето на ЦГК го вклучуваат Собранието на здружението, Извршниот одбор и претседателот на здружението.

## ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ

**Мониторинг на јавните набавки** (2008-2014), финансиски поддржан од ФООМ и УСАИД Македонија во рамките на Проектот за граѓанско општество, а технички поддржан од НДИ

*Преку директно следење на јавните набавки се детектираат основните слабости во спроведувањето на тендерите и се препорачуваат конкретни мерки за надминување на проблемите, на просторот за корупција и на нерационалното трошење на јавните пари.*

Во текот на 2012 година:

- Директно се мониторирани близу 400 тендери спроведени од државни институции на национално и на локално ниво и се објавени пет извештаи со детектирани слабости и простор за злоупотреба и корупција во јавните набавки.
- Препорачани се повеќе од 60 конкретни мерки што треба да се преземат за унапредување на системот на јавни набавки во земјава, било да станува збор за промени во регулативата, било за спроведувањето на јавните набавки.
- Индексот на рационалност, во кој се споредуваат цените по кои различни институции купуваат сосема ист производ или услуга, е изработен за 21 производ/услуга, при што се споредени цените на дури 175 институции. Детектираните значајни отстапувања во цените укажуваат на потребата од порационално трошење на јавните пари преку поефикасни набавки, поголемо истражување на пазарот и поголема соработка и комуникација меѓу државните институции.
- Анкетирани се 220 фирми од цела Македонија за искуствата од учеството во јавните набавки, при што се констатирани најголемите проблеми со кои се соочуваат фирмите, но и предлозите за надминување на слабостите.
- Спроведени се 10 обуки, преку кои 180 претставници на граѓански организации од вкупно 35 општини од цела Македонија се обучени за следење на трошењето на јавните пари на локално ниво, како начин за делување врз зголемена транспарентност, отчетност и рационалност при трошењето на јавните пари.

**Проект на УСАИД за пристап на микропретпријатијата до јавните набавки** (2012-2015), финансиски поддржан од УСАИД Македонија, а спроведен во партнерство со фондацијата „Фокус“ од Велес и здружението „ЕХО“ од Штип

*Преку олеснување на влезот и учеството на микропретпријатијата на пазарот на јавни набавки, се придонесува кон нивен поодржлив развој и подобро искористување на потенцијалите за создавање работни места, раст и иновации.*

Во текот на 2012 година:

- Спроведено е истражување меѓу 400 микропретпријатија и 30-ина договорни органи од 21 општина од источниот и од вардарскиот регион за да се лоцираат главните причини за малото учество на микропретпријатијата во јавните набавки.
- Изработени се анализа и препораки за зголемување на учеството на микропретпријатијата во јавните набавки преку серија мерки што треба да ги преземат државните институции во насока на намалување на постојните пречки што ги оневозможуваат микропретпријатијата да настапуваат на овој пазар.
- Отворени се два регионални центри за поддршка на микропретпријатија, во Велес за вардарскиот регион и во Штип за источниот регион и Струмица. Промоцијата на центрите е посетена од 150 претставници на микропретпријатија и на институции од споменатите региони. Преку услугите што ќе ги нудат, центрите ќе придонесат за заживување на локалните економии.

**Проект на УСАИД за транспарентно владеење** (2009-2013), финансиски поддржан од УСАИД Македонија, а спроведен во партнерство со НВО Инфоцентар и „ЕХО“

*Преку воведување и заживување на механизми за потранспарентно, поодговорно и поотчетно работење на општините, преку охрабрување на граѓаните за поголемо учество во процесот на донесување одлуки на локално ниво, како и преку размена на добри практики меѓу општините, проектот се фокусира врз зголемување на довербата и соработката меѓу граѓаните, бизнис-заедницата, невладините организации и локалните власти.*

Во текот на 2012 година:

- Спроведено е истражување во кое се анкетирани 980 граѓани, 100 бизнисмени и 80 невладини организации од пет општини: Куманово, Тетово, Кичево, Дебар и Охрид за проценка на степенот на учество на заедницата во процесот на донесувањето одлуки; професионалноста на општинската администрација; степенот на информираност на граѓаните и отчетност на општината и проактивноста на општината кон заедницата.
- Изработени се одделни и збирна анализа врз основа на резултатите од истражувањето, кои треба да им послужат на општините во нивната натамошна работа како основа за унапредување на работењето во оние сфери каде што постои незадоволство кај испитаните членови на локалната заедница.
- Доставени се вкупно 90-ина препораки за секоја од општините опфатени со истражувањето, со сугерирање конкретни мерки за надминување на утврдените слабости и за унапредување на работењето на локалните власти.

- Одржани се пет работилници, по една во секоја од опфатените општини, на кои вкупно 75 претставници на локалните самоуправи се обучени за спроведување на претходно доставените препораки.
- Спроведено е истражување меѓу 1000 граѓани, 145 бизнисмени и 75 невладини организации од осум општини за мерење на напредокот од спроведувањето на проектот за транспарентно владеење.
- Изработена е анализа на резултатите од истражувањето со констатирање на сферите во кои е постигнат напредок, преземените активности за постигнување на тој напредок, сферите во кои се потребни натамошни подобрувања, како и активностите што треба да се преземат во таа насока.

**Пристапот до информации – извор за поквалитетно информирање** (2012-2013), финансиски поддржан од Европската Унија, а спроведен во партнерство со Access Info Europe од Шпанија и „БИРН Македонија".

*Им се овозможува на новинарите од Македонија повеќе и поефективно да ги користат информациите од јавен карактер во насока на унапредување на квалитетот на информирањето на граѓаните и промовирање на слободата на изразувањето и независноста на медиумите.*

Во текот на 2012 година:

- Спроведено е истражување меѓу 60 водечки новинари за откривање на причините за малото користење на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер како алатка за поквалитетно информирање на јавноста и тестирани се 40-ина институции како одговараат на барањата за пристап до јавни информации поставени од новинари.
- Изработена е анализа за клучните проблеми поради кои новинарите многу малку го користат правото на пристап до јавните информации, како и за причините за ваквата состојба, и се препорачани конкретни мерки што треба да ги преземат сите вклучени страни за подобрување на состојбата.
- Одржани се пет дебати со 100-тина новинари во Скопје, Битола, Охрид, Штип и Велес за популаризација на правото на пристап до јавните информации и за размена на мислења околу предложените препораки за поголемо користење на ова право во медиумите.
- Преведен и отпечатен на македонски и на албански јазик е најпознатиот европски прирачник за новинари за користење на правото на пристап до владини информации – Legal Leaks Toolkit, како практична алатка кон поефектно остварување на ова право во насока на поквалитетно информирање на јавноста.
- 22 новинари од медиуми на национално и на локално ниво се обучени за користење на правото на пристап од страна на водечката европска организација Access Info Europe, како и на водечки домашни и странски експерти од оваа област.

- ❖ Изработена е и пуштена во употреба интернет-страницата www.freeinfo.mk, која е специјално наменета да им користи на новинарите при остварување на правото за пристап до јавни информации.

**Медиумите и невладините организации против корупцијата** (2011-2012), финансиски поддржан од Европската Унија, а спроведен во партнерство со „БИРН Македонија“ и „ЕХО“ од Штип.

*Проектот ја зајакнува улогата на медиумите и на невладините организации во борбата против корупцијата во Македонија. Проектот ги зголемува капацитетот, вклученоста и соработката меѓу медиумите и невладините организации во борбата против корупцијата.*

Во текот на 2012 година:

- ❖ Формирана е неформална мрежа на новинари и невладини организации за борба против корупцијата, како иницијално јадро на новинари, уредници и граѓански активисти кои, преку сопствен и организациски поголем ангажман и меѓусебна соработка, ќе го унапредат учеството во вкупните општествени напори за борба против корупцијата.
- ❖ Предложени се серија препораки за унапредување и за зајакнување на улогата на медиумите во борбата против корупцијата, прифатени од новинарите и уредниците од медиуми од цела Македонија.
- ❖ Објавен е водич за невладини организации за борба против корупцијата, како практично помагало за препознавање на корупцијата и за вметнување антикорупциски компоненти во редовните програми и проекти, независно од областа на делување на организациите: екологија, родова еднаквост, млади и др.
- ❖ Преведена и објавена на македонски јазик е една од најзначајните книги за корупција и за борбата против неа, „Корупцијата и власта: причини, последици и реформи“ од д-р Сузан Роуз Ејкерман, во која освен анализа на формите, појавните облици и најчестите области и актери на корупцијата, се посочува и кон реформите што се потребни да се преземат во сите области од сите засегнати страни за да се намали корупцијата. Станува збор за прва книга од ваков вид достапна на македонски јазик.

**2013**

Активностите во 2013 година се опфатени со новата стратегија за работење на ЦГК за 2013-2017 година. Во 2013 година продолжува спроведувањето на неколкуте повеќегодишни проекти:

- Мониторинг на јавните набавки;
- Проект на УСАИД за олеснување на пристапот на микропретпријатијата до јавните набавки;
- Пристапот до информации – извор за поквалитетно информирање (до март 2013);
- Проектот на УСАИД за транспарентно владеење (до март 2013).

Покрај овие, во 2013 година ќе почнат да се спроведуваат активностите од:

- Проектот за истражувачко новинарство и соработка помеѓу медиумите и граѓанскиот сектор (2013-2015) и
- Проектот „Кон ефикасни механизми за јавни набавки кај (потенцијалните) земји-кандидатки за членство во ЕУ“ (2013-2014).

**Проектот за истражувачко новинарство и соработка помеѓу медиумите и граѓанскиот сектор** е дел од пошироката програма на УСАИД за зајакнување на независните медиуми во Македонија и има за цел да ја подобри соработката меѓу новинарите и граѓанскиот сектор преку заеднички дебати и работилници, како и да придонесе кон понезависни истражувачки новинарски приказни преку обезбедување грантови и менторство за истражувачките новинари. Проектот се спроведува во партнерство со „БИРН Македонија“, „Скуп Македонија“, емисијата „КОД“ и дневниот весник „Коха“.

**Проектот „Кон ефикасни механизми за јавни набавки кај (потенцијалните) земји кандидатки за членство во ЕУ“** е меѓународен проект во кој како имплементатор учествува и Центарот за граѓански комуникации. Финансиран е од Европската Унија и во него, покрај ЦГК, партнерски учествуваат уште пет невладини организации од Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Словачка. Проектот има за цел да го засили притисокот од граѓанското општество врз владите на Западниот Балкан да ги елиминираат слабостите во процесот на создавањето ефикасен систем на јавни набавки и да бидат одговорни при трошењето на јавните пари, како и да воспостави комуникација со засегнатите страни и јавноста со цел да се зголеми разбирањето за барањата и условите на ЕУ во сферата на јавните набавки.